Република Северна Македонија
**Инспекциски совет**

Арх. број: 04-11/4
Датум: 13.01.2023

Врз основа на член 52, став (3) од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" 275/2019, 14/2020, 112/2021, 215/2021 и 99/2022), генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе:

# О Д Л У К А

## за невршење на избор по Интерен оглас број 3/2022 во Инспекциски совет

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за унапредување по Интерен оглас број 3/2022 во Инспекциски совет за работното место УПР 0101В01000 Советник за претставки и предлози – 1 извршител, во Одделение за следење и координација на инспекциските служби, Сектор за следење, координација и заеднички работи.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-12391/2 од 16.12.2022 година, генералниот секретар упати Барање со број 04-1594/1 од 26.12.2022 година до Одделението за општи и заеднички работи за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Инспекцискиот совет. Одделението за општи и заеднички работи објави интерен оглас број 3/2022 со архивски број 04-1594/2 од 26.12.2022 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Инспекцискиот совет, на ден 28.12.2022 година на веб страницата на Инспекцискиот совет и Агенцијата за администрација. Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од генералниот секретар на Инспекцискиот совет со Решение број 04-11/2 од 04.01.2023 година, изврши административна селекција на пријавените кандидати, за што состави Записник за административна селекција за интерен оглас број 04-11/3 од 10.01.2023 година. Комисијата констатирала дека на огласот на горенаведеното работно место се пријавиле 1 (еден) кандидат од кои 0 (нула) уредни и 1 (еден) неуреден кандидат. Како причина за неуредност се наведува дека – Кандидатот не го исполнува условот да има 3 (три) години работно искуство по дипломирање со 240 кредити.

Правна поука: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлукатата на веб страницата.

Генерален секретар
Сашо Мержаноски

Доставено до:
- кандидатот
- Одделение за општи и заеднички работи
- архива